ГОВОР НА АМБАСАДОРОТ НА ФРАНЦИЈА,
Н.Е. Кристиан Тимоние

14 јули 2017 г.

Ви благодарам на сите што дојдовте за заедно да го прославиме нашиот национален празник, во ова македонско село кое ние го избравме оваа година, како симбол на нашата поврзаност кон вашата земја но и кон нејзиното богато минато, традиционалното гостопримство и духот на стопанисување.

Посакавме малку да се дигнеме во височина во секоја смисла на зборот, за да Ве пречекаме и да го прославиме богатството на нашите односи, во пресрет на дваесет и пет годишнината од воспоставувањето на официјални односи. Четврт век како Франција е на страната на Македонците за да се зајакне државата и нејзината унитарност и ги придружува во изградбата на правната држава, што е услов кој важи за сите идни интеграции кон кои земјата легитимно се стреми.

Оваа година, францускиот празник е во знакот на споделената надеж која уште повеќе ќе нè обедини, надежта за европска иднина за која се изјаснија нашите два народа, со која им се дава нов патоказ, оној за спроведување на неопходните реформи, за изградба на простор за мир и за просперитет, колективна амбиција за она што треба да биде Европа. Европа, која нема да биде целосна, како што напиша нашиот Претседател Макрон во писмото до Претседателот Иванов, сè додека не и се приклучат земјите од Западен Балкан. Тоа е огромната задача која ни престои на сите и поради која сè уште сме и ќе бидеме секогаш на ваша страна. Тоа не е само Европа на автопатишта и на тендери, на помош и на субвенции, туку Европа на заеднички вредности кои посакуваме да ги имаме сите а кои ние Французите ги славиме денес заедно со Вас. Вредностите на нашата девиза: слобода, еднаквост, братство.

Но не ја забораваме ниту обврската која таа денес ни ја дава. Таа е спротивна на шовинизмот, на националната затвореност и стерилниот протекционизам. Таа е спротивна на војната на цивилизациите. Тоа значи дека сме спремни да се бориме за да ги одбраниме тие вредности од фанатиците и непријателите на правата на индивидуата, како и краткорочните егоизми кои не мислат за иднината на нашата планета.

Духот на француската револуција кој ние го славиме заедно со Вас, бил и ќе остане дух на споделување. Дури и денес, сè уште мораме да ги водиме битките за човековите права кои првин минуваат низ битките за слобода како што велат многумина низ светот а кои ја заслужуваат нашата почит и нашата поддршка, преку слободниот избор на своите претставници и на својата влада. Оваа година Македонија тоа го покажа преку квалитетните избори. Останува сега да профункционира ефикасно собрание кое ќе ја почитува волјата на народот, без ограниченост и реваншизам туку ќе работи за генералниот интерес. Доајенот на вашето Собрание, кој јас овде го поздравувам за време на отворањето го објасни тоа толку добро што јас не би додал ништо повеке. Ги очекуваме мерките и нивното реално спроведување кои конечно ќе ѝ овозможат на земјата да напредува на европскиот пат.

Франција е спремна да Ви помогне да го постигнете тоа низ соработка со администрацијата, судството и безбедноста.

Сигурни сме и дека нашата соработка ќе биде уште поинтензивна во сите меѓународни инстанци и во сите области, дури и оние најконкретните, соработувајки и со Македонија и со нашите сојузници, за свет кој би бил помалку опасен и кој би понудил заштита на нашето население од терористичките закани.

За нас ова претставува и повод да имаме по една мисла за сите наши војници и полицајци кои се борат во Африка и на Средниот Исток, во нашите градови и амбасади кои неуморно работат за да нѐ заштитат: на нив, да им искажеме признание од целата нација. За мене ова е и повод да ја поздравам исклучителната соработка во областа на безбедноста и да ги поздравам сите оние кои се носители на истата.

Освен на краткорочен план, обврска на сите нас е да се бориме против ризиците од анархиска глобализација која ја потхранува сиромаштијата, омразата кај развиените земји и го фаворизира мракобесието. Во тој поглед, ја поздравувам одлуката на новите македонски власти што набрзо ќе предложат ратификација на климатскиот договор од Париз. Секој глас и секоја добра волја се важни во оваа голема битка. Ја цениме и намерата на новите власти, за поголемо ангажирање околу Франкофонијата, со која ќе се зајакне местото на Македонците во Европа и во светот.

Франција ги поздравува и напорите на земјата за возобновување на духот на мир и на соработка со своите соседи, она што ние секојдневно се обидуваме да го негуваме со нашиот германски партнер и пријател, со кој ќе продолжиме заеднички да работиме, за европска иднина на регионот. Тоа го правиме за нашата младина, на која ѝ оставаме простор за помирување, која ќе биде горда на својата историја и на својот европски идентитет.

Да живее, Франција, да живее Македонија, да живее Европската Унија!